РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 25. 08. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 3835/1 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комисија за прашања на изборите
и именувањата
Број 16 - 2793 / 11
25.08 2015 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во прилог Ви се доставуваат предлозите за избор на членови на Комисијата за воедначување на казнената политика заради избор на составот на Комисијата за воедначување на казнената политика согласно Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната ("Службен весник на Република Македонија" број 199/2015).

Претседател на
Комисија за прашања на изборите
и именувањата,
Зоран Илиоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 25. 08. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 16 | 2793/10 | | |


**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**бул. Кеј Димитар Влахов б.б. 1 000 Скопје, тел. 02/3298-288, факс. 02/3219-881**


**А бр.03-547/3**
**Скопје, 25.08.2015 година**

**ДО**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Комисија за прашања на изборите и именувањата**

**ВРСКА: Ваш бр.16-2793/1 од 01.07.2015 година**

Почитувани,

По повод вашето барање, а врз основа на чл.5 ст.1 од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната (Службен весник на Рм бр.199/14), за членови на Комисијата за воедначување на казнената политика ги предлагам;

1. Д-р Нeџат Елези, Јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија; и
2. Д-р Јован Илиевски, основен јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на оргазиризан криминал и корупција.

Во прилог ви ги доставувам кратките биографии на предложените јавни обвинители.

Изработил: Сашо Палчевски

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Марко Зврлевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

# КРАТКА БИОГРАФИЈА

Од Д-р Нецат Џемаил Елези, роден на 21.11.1950 година во с.Србица Општина Кичево,а живее во Кичево на ул.Раим Лика бр.4.

Основно училиште имам завршено во родното село додека средно образование -учителска школа во Скопје.

Редовните студии ги завршив на Правниот факултет во Приштина во 1977 година.

Во април 1978 година започнав со работа како судски приправник во Општинскиот суд Кичево каде во 1979 година по полагање на правосудниот испит продолжив да работам во истиот суд како стручен соработник.

За прв пат како судија во Општинскиот суд Кичево бев избран на 1.4.1981 година каде работев до крајот на 1989 година.

Од 1.12.1989 година до 30.6.1996 година работев како адвокат со седиште во Кичево.

Од 1.7.1996 година повторно бев избран за судија на Основен суд Кичево се до 15.11.2009 година.

Јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија во Скопје сум избран на 15.11.2009 година каде и сега се наоѓам.

Магистерскиот труд „Реформите на кривичната постапка во Република Албанија од инквизиторна кон акузаторна постапка„ го одбранив на 3.6.2005 година на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје.

Докторската дисертација ја одбранив пред Факултетот за Правни науки при Европскиот Универзитет-Република Македонија во Скопје, на ден 1.2.2013 година и тоа на темаг: Општествените услови за реформа на казнените постапки во земјите на Западен Балкан за достигнување на европските стандарди.

Објавени трудови:

- Zbatimi i Ligjit mbi familjen në praktikë. „Flaka„ Shkup,25.6.1993.

**(Примена на Законот за семејството во праксата) „ Фљака„ Скопје 1993.**

**-Ligji per denocianilizim filloi të praktikohet. „Flaka„ Shkup,1988.**

**(Законот за денационализација почна со примена) „ Фљака„ Скопје 1998.**

**-Parlamenti ardhshëm i kombinuar. „ Fakti„ Shkup,4.09.1998**

**( Идниот парламент комбиниран) „ Факти„ Скопје, 04.09.1998.**

**- Në prag të zgjedhjes së kryetarit. „ Fakti„ Shkup,11.08.1999.**

**( Во праг на претседателски избори) „Факти„ Скопје, 11.08.1999.**

**-Parlamenti i ardhshëm – proporcional. „Fakti„ Shkup, 8.07.2002.**

**(Идниот праламент-пропорционален) „ Факти„ Скопје, 08.07.2002.**

**- Реформи на кривичната постапка во Република Албанија, Судиска ревија бр.4, декември 2003, Скопје.**

**- Kushtetuta dhe ligjet-si zëvendsohet kryetari i Republikës. „ Fakti„ Shkup„ 3.03.2004.**

**( Уставот и законите - како се заменува Претседателот на Републиката) „Факти„ Скопје, 03.03.2004.**

**- Реформи на казнената постапка во Албанија, Графомак, 2005, Кичево.**

**- Посебни судења според Законот за казнена постапка на Албанија, позитивно прифатени во судската практика, Судиска ревија бр.2/2006, Скопје.**

- Detyra e gjykatësit është zbatimi të drejtës e jo edhe krijimi i saj.

„ Fakti, Shkup, 24.11.2007.

(Судиска задача е спроведување на правото но не и нејзино создавање

Факти„ Скопје, 24.11.2007).

- 33 vjet me Klubin futbollistik Vëllazërimi„ Kërçovë.„ Grafomak, Kërçovë, 2010.

( Триесет и три години со ФК Влазерими Кичево) „ Графомак„ 2010, Кичево).

-Reformat në procedurën penale në Balkanin Perendimor, Alma, Skopje , 2013.

-Avokatura dhe avokatët shqiptar në Maqedoni 1945-2013,Alma , Skopje, 2014.

Сум учествувал на повеќе домашни и меѓународни конференции, семинари и работилници одржани во Република Македонија, Република Хрватска, Република Црна Гора, Република Чешка и други земји.

Скопје, 25.08.2015 година

Д-р Неџат Елези

**КРАТКА БИОГРАФИЈА**

**Е-маил: jilievski@zjorm.org.mk**

**Телефонски број: 070/39 78 51**

1. **Презиме**: Илиевски
2. **Име**: Јован
3. **Датум на раѓање**: 03/07/1958
4. **Пасош**: Република Македонија
5. **Брачен статус**: Женет
6. **Образование:**

| Институција | Степен (и) или Диплома (и) што се стекнати: |
|---|---|
| Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје,<br><br>Правен факултет, Јустинијан Први | 2013 - Академската титула Доктор е постигната на 18/02/2013 година по успешно полагање на завршниот испит – докторска дисертација со наслов "Историјата на македонското јавното обвинителство - позиција, улога и перспективи"<br><br>2011 - Запишани докторски студии по кривично право на Универзитетот "Св Кирил и Методиј ", Скопје;<br><br>2011 година - Магистер на науки по Кривично право на Универзитетот "Св Кирил и Методиј ", Скопје;<br><br>1985 - Правосуден испит<br><br>1983 - Дипломира на Правниот факултет на Универзитетот "Св Кирил и Методиј ", Скопје; |

**7. Јазични вештини**: Ранг на скала од 1 до 5 (1 - одличен; 5 - основно)

| Јазик | Читање | Говор | Пишување |
|---|---|---|---|
| Македонски | Мајчин јазик | | |
| Англиски | 1 | 1 | 1 |
| Српски | 1 | 1 | 1 |
| Бугарски | 1 | 1 | 1 |
| Хрватски | 1 | 1 | 1 |

**8. Членство во професионални тела:**

2004 - Претставник на Јавното обвинителство на Република Македонија во Југоисточната европска советодавна група на јавните обвинители (SEEPAG) од нејзиното основање;

од 1 јануари 2012 година претседател на ова тело.

2006 - Член на Консултативниот совет на европски обвинители (CCPE) во рамките на Советот на Европа

2001 - Член на Здружението на јавните обвинители во Македонија

**9. Други вештини**: Одлично познавање на MS Word и Excel

**10. Сегашна позиција:** Основен јавен обвинител на Основното јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

**11. Години во институцијата**: 18

**12. Клучни квалификации и интерес**:

- Повеќе од **30 години искуство** во спроведување на законот, јавниот ред и безбедноста

• Широко познавање во областа на борбата против организираниот криминал и корупцијата на сите нивоа

• Искусен и софистициран предавач во различни области на правото, вонреден професор на универзитет

• Од 2005 година голем број на учества на национални, европски и меѓународни работилници, студиски посети и конференции на различни институции поврзани со корупцијата и организираниот криминал

• Учесник на различни обуки од областа на организираниот криминал и корупцијата

•Голем тимски играч со одличен тимски дух

• Одлично познавање на развојот и подготвувањето на проценки и обуки

**13. Посебни искуство во регионот**

| Земја | Датум |
|---|---|
| Република Македонија | 1988- 2015 |

**14. Професионално искуство**

| Датум | Локација | Компанија и Име, детали за контакт | Позиција | Опис на работните задачи |
|---|---|---|---|---|
| Од септември 2013 година | Штип, Македонија | Државен универзитет "Гоце Делчев" | Професор<br><br>(вонреден) | - Предавач за борба против организираниот криминал<br><br>- Предавач за борба против корупцијата и спречување на корупцијата<br><br>- Предавач на Меѓународно кривично процесно право |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | - Предавач на историја на право |
| 2009 - денес | Скопје, Македонија | Основното јавно обвинителство | Основен јавен обвинител на Основно јавно обвинителство | - Раководител и јавнообвинителски советник за случаи на организиран криминал и корупција<br><br>- Посебна одговорност за сериозни случаи на корупција во кои износот на парични средства кои се вклучени е повеќе од 50% од просечната плата<br><br>- Специјална одговорност за кривични дела поврзани со корупција, вклучувајќи злоупотреба на службената положба, корупција извршена во процесот на јавните набавки или во врска со државниот буџет на Македонија<br><br>- Надлежен орган за справување со случаи на корупција поврзани со полициските службеници<br><br>- Надлежен орган за гонење на случаите на незаконско влијание и противзаконско посредување на функционерите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | - Надлежен орган за гонење на транснационалните случаи на корупција |
| 2009 | Скопје, Македонија | Јавно обвинителство на Република Македонија | Јавен обвинител | - Избран за јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија<br>- Посебна одговорност за сериозни случаи на корупција во кои износот на парични средства кои се вклучени е повеќе од 50% од просечната плата<br>- Специјална одговорност за кривични дела поврзани со корупција, вклучувајќи злоупотреба на службената положба, корупција извршена во процесот на јавните набавки или во врска со државниот буџет на Македонија<br>- Надлежен орган за справување со случаи на корупција поврзани со полициските службеници<br>- Надлежен орган за гонење на случаите на незаконско влијание и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | противзаконско посредување на функционерите<br><br>- Надлежен орган за гонење на транснационалните случаи на корупција |
| 2004 - 2008 | Скопје, Македонија | Одделение за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, Јавно обвинителство на Република Македонија | Шеф на Одделот | - Ангажиран во развојот на одвоено обвинителство за борба против организираниот криминал и корупцијата<br><br>- Посебна одговорност за сериозни случаи на корупција во кои износот на парични средства кои се вклучени е повеќе од 50% од просечната плата<br><br>- Специјална одговорност за кривични дела поврзани со корупција, вклучувајќи злоупотреба на службената положба, корупција извршена во процесот на јавните набавки или во врска со државниот буџет на Македонија<br><br>- Надлежен орган за справување со случаи на корупција поврзани со полициските |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | службеници<br>- Надлежен орган за гонење на случаите на незаконско влијание и противзаконско посредување на функционерите<br>- Надлежен орган за гонење на транснационалните случаи на корупција |
| 1997 - 2004 | Скопје, Македонија | Основно јавно обвинителство Скопје | Заменик јавен обвинител | - Обвинител во јавното обвинителство<br>- Одговорност за кривични предмети во сите фази на кривичната постапка |
| 1993 -1997 | Скопје, Македонија | Приватна пракса како бранител | | - Работа на кривични и граѓански предмети во сите фази на кривичната постапка |
| 1988 - 1993 | Скопје, Македонија | Основно јавно обвинителство Скопје | Заменик јавен обвинител | - Работа на кривични предмети во сите фази на кривичната постапка |

15. Други релевантни информации:

- **Дополнителни професионални ангажмани:**

- Избран како едукатор на кривично право, корупција, заплена на имот, меѓународната правна помош во Академијата за судии и јавни обвинители; во моментов обучувач за новиот Закон за кривичната постапка.

- Поранешен член на работните групи во рамките на Министерството за правда за подготовка на нацрт-Законот за јавното обвинителство, Законот за Советот на јавните обвинители и Законот за кривичната постапка. Во моментов е член на работната група за подготовка на измени на Кривичниот законик и Законот за јавното обвинителство.

- Поранешен лидер на неколку проекти спроведувани од страна на Здружението на јавните обвинители на Република Македонија : "Олеснување на присуство на жртви на криминал - Трговијата со луѓе пред судовите во Република Македонија" и "Воспоставување на независен механизам за контрола на работата на спроведување на законот и зајакнување на улогата на јавниот обвинител ".

- Објавени неколку публикации во периодични билтени "Правен преглед", "Преглед на Здружението за кривичното право и криминологијата", "Застапување", итн

2011 година - Член на Националното координативно тело за следење на спроведувањето на новиот Закон за кривичната постапка.

- **Дополнителна едукација / обуки:**

Учесник и говорник на бројни обуки, конференции, студиски посети и тркалезни маси на многу теми и настани. Некои од нив се:

- IOM / FBI -Семинар за трговија со луѓе за претставници на SECI

- Проект Заеднички европски Темпус , Напредна обука за борба против организираниот криминал "

- Обука за обучувачи против трговија со луѓе во Романија

- Истражување и кривично гонење на дела поврзани со наркотици : светски и регионални трендови

- UNDP и USAID Семинар за Обука за обучувачи

- Обучувач на 7 работилници - Модул SPTF против трговија со луѓе за обука на судии и јавни обвинители

- **Истражување и кривично гонење на случаи на организиран криминал**

- **Корупција - манифестација, прописи и мерки за борба против корупцијата**

**- Улогата на јавниот обвинител во откривањето на организираниот криминал**

- Трговијата со жени и нивната сексуална експлоатација

- Во текот на 2010 година учество на меѓународниот семинар "Зајакнување на меѓународната соработка во борбата против тероризмот" одржана во Европскиот центар за безбедносни студии, Центар Маршал во Германија

- Во текот на 2012 година завршена интензивната програма за обука на Националниот институт на САД за судски застапување (Нита), за што е доделена диплома "Учител на судски вештини".

- **Студиски посети и конференции:**

2014 година - Брисел, Белгија, Конференција за финансиски истраги и конфискација на имот

2014 - Студиска посета на Сан Франциско, САД, Водич за казни

2014 - **Будимпешта, Унгарија, Конференција за заштита на сведоците**

2014 - Хаг**, Холандија, Завршна конференција на проектот "Зајакнување на мрежата на јавното обвинителство во борбата против организираниот криминал**"

2014 - Загреб, Хрватска, Конференција на Меѓународното здружение на јавните обвинители (CIAPP)

2013 година - Вилнус, Литванија, Годишна конференција на Европската судска мрежа (EJN)

2013 година - Будва, Црна Гора, Мрежна конференција

2013 година - Студиска посета на Филаделфија и Денвер, САД, спротивставена кривична постапка

2013 година - Студиска посета во Белфаст, Северна Ирска, полиција и судови

2013 - Хаг, Холандија, "Конфискација на имот и приходи од имот "

2012 - Вашингтон и Њујорк, САД, Општа обука на националните правници и Институт за истражување (NAGTRI)

2011 - Конференција (OLAF), Европска управа против измама "Правна рамка и практика помеѓу судските власти и администрацијата во борбата против измамата", Софија, Бугарија;

2011- Конференција "Користење на тајна задача и употреба на посебни истражни мерки " Контролирана испорака ", Кишињев, Молдавија;

2011 - Стразбур, Франција, студиска посета за членовите 3, 5 и 6 од ЕКЧП

2011 - Меѓународна конференција за борба против корупцијата, Загреб, Хрватска

2010 - Берлин и Хановер, Германија, поддршка за обвинителската мрежа на земјите од Западен Балкан

2010 - Рен, Франција, посета на специјализирани оддели на Министерството за внатрешни работи за борба против трговијата со дрога, перење пари и организиран криминал, судови, обвинителствата

2010 - Трет национален мрежен состанок "Кон глобалната ЕУ-акција против трговијата со луѓе", Мадрид, Шпанија;

2010 - Меѓународна конференција на тема "Граѓанска одговорност на јавните обвинители и обвинителството", Будимпешта, Унгарија

2009 - Берлин, Германија, проучување на германскиот правен систем и институциите

2009 - Лисабон, Португалија, поддршка на обвинителската мрежа на земјите од Западен Балкан

2009 - Дванаесетти меѓународен форум за обвинителите: "Борба против организираниот прекуграничен криминал", Салцбург, Австрија

2009 - SECI централна средба "Борба против организираниот криминал и специјализираните структури: подобрување на соработката, капацитетот и експертизата", Букурешт, Романија;

2008 - Студиска посета на Јавното обвинителство во Ѓенова, Италија; твининг проект со Италија

2008 - Твининг проект со Италија - студиска посета на Брисел, Хаг и Виена

2005 - Студиска посета на САД, поддржана од DOJ OPDAT

**Во продолжение напоменувам дека од 2004 година (и активно до оваа година, 2015), сите случаи поврзани со корупција од високо ниво се под истрага и надлежност на Основното јавното обвинителство на кое моментално сум Основен јавен обвинител.**

Република Македонија

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. "Вељко Влаховиќ " 6б, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 03-1114/15-2
22-07-2015 2015 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
24 07 2015
16 2793/6

**ДО**
**СОБРАНИЕ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Комисија за прашања на изборите и именувањата**
**С К О П Ј Е**

**Предмет: Доставување предлог за членови на Комисија**
**Врска: Ваш број 16-2793/1 од 01.07.2015 година**

Судскиот совет на Република Македонија Ве известува дека согласно член 5 од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната (Службен весник на РМ бр.199/2014), за членови на Комисијата за воедначување на казнената политика се предлагаат следните судии:

- **Гордана Сајковска** – судија на Апелационоит суд Скопје и
- **Татјана Дуковска**– судија на Апелационоит суд Скопје.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Бранко Ушковски**

Изготвил; Весна Толева
Одобрил; Елизабета Васкова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
25.08.2015
16 2793/7

Република Македонија

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. "Вељко Влаховиќ" 6б, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.03-1114/3
25-08-2015 2014год.

СКОПЈЕ

**ДО**
**СОБРАНИЕ НА РМ**
**Комисија за прашања на изборите и именувањата**
**СКОПЈЕ**

**Предмет: Доставување на биографии за предложени членови на Комисија**
**Врска: Ваш број 16-2793/1 од 01.07.2015 година**

Согласно член 5 од Законот за одредување на видот и висината на казната (Сл. весник на РМ бр.199/2014, од страна на Судскиот совет на РМ за членови на Комисијата за воедначување на казнената политика се предложени Гордана Сајковска и Татјана Дуковска – судии на Апелациониот суд Скопје. По однос на предложените членови на Комисијата за воедначување на казнената политика дополнително Ви доставуваме кратки биографии за истите.

- **Биографија - Гордана Сајковска**

Родена на 16.12.1961 г. во Скопје. Живее во Скопје. По националност е Македонка.

Дипломирала на Правниот факултет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на 23.5.1986 година. На 01.03.1987 г. се вработила како стручен соработник-приправник во тогашниот Основен суд на здружен труд Скопје.По положување на правосудниот испит на 23.5.1988 г., продолжила да работи како стручен соработник во тогашниот Основен суд на здружен труд Скопје, а од 1.1.1992 г. до 30.6.1996 г. работела како стручен соработник во тогашниот Општински суд Скопје II Скопје.

Првпат е избрана за судија во Основниот суд Скопје I Скопје на 12.6.1997 г. каде била распоредена во кривичен оддел.Во периодот од 1999-2003 година и од 2006-2009 година била претседател на Кривичен совет.

На 25.06.2009 година со одлука за избор бр. 07-1492/1 е избрана за судија во Апелациониот суд Скопје каде што постапувала по предмети во одделот за работни спорови, а сега постапува по кривични предмети.

Учествувала на повеќе семинари од областа на кривичната материја и тоа: „Право на Европска унија" во соработка со проектот CARDS, повреда на конкуренција во соработка со Твининг проектот на Европската комисија, конкурентско право и политика, „Вовед во правото на Европската заедница и судскиот систем на Европската унија", активно учество во работната група формирана за компјутеризација на судството, „Судска соработка во кривичната област" во рамките на Проектот за техничка помош „Унапредување на европската интеграција од балканска перспектива", работилница за трговија со луѓе организирана од Министерството за правда на САД,

„Менаџмент на случаи и можности за користење на институтите договарање - медијација во работата на јавните обвинители и судиите", организирано од Министерството за правда на САД, кривично правен прогон на трговија со луѓе организиран од IOM Мисијата во Скопје, меѓународен семинар против пиратството во Македонскиот етер - Примена на Законот за авторското право и сродните права во радиодифузните активности - наши и европски искуства.
Според заедничката европска референтна рамка за јазици, се користи со англиски јазик.Има и основни познавања од работење со персонални сметачи.

- **Биографија- Татјана Дуковска**

Родена е на 17.10.1963 г. во Белград. Живее во Скопје. По националност е Македонка.

Дипломирала на Правен факултет во Скопје на 31.3.1987 година.Правосуден испит положила во Скопје на 10.12.1991 г.

На 1.8.1989 г. се вработила како приправник во Општински суд Скопје II – Скопје, каде подоцна била и стручен соработник на граѓанска и кривична материја.Од 1.7.1996 г. работела како стручен соработник во Основен суд Скопје II – Скопје на граѓанска и кривична материја.Од 5.6.2000 г. работела како стручен соработник и самостоен судски советник на Кривичен совет во Апелационен суд Скопје.

Првпат била избрана за судија во Основен суд Скопје I - Скопје на 15.2.2005 г. каде постапувала по предмети во кривичен оддел и била член на Кривичен совет.

На 17.2.2010 г. со одлука за избор 07-317/1 (Сл.в. на РМ бр.25 од 19.2.2010) е избрана за судија во Апелационен суд Скопје, каде постапувала по работни спорови, а сега постапува по кривични предмети.

Има учествувано на повеќе семинари и тоа: 2007 година - на тема: „Меѓународна соработка во кривични предмети и улогата на SECI/SEEPAG, EUROJJUST, Европската судска мрежа, Европол и Интерпол; 2007 година - на тема „Раководење со предмети"; 2007 година - на тема „Право на Европска Унија"; 2007 година - учество на семинар на тема „Психолошки аспекти на испитување на сведоците и другите учесници; 2007 година - „Кривични дела против службената должност"; 2007 година - на тема „Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти - анализа на судска пракса"; 2007 година - на тема „Притвор, правни основи и постапка, другите превентивни мерки"; 2008 година –„Постапување по барање за спроведување истрага, раководење со главен претрес "; 2008 година –на тема „Притвор и други превентивни мерки"; 2008 година – учество на семинар на тема „Притвор пред судење"; 2008 година –„ Трговија со дрога"; 2008 година - „Процес на одлучување, фактички и правен идентитет на обвинение и пресуда/ видови одлуки"; 2008 година - „Сексуална злоупотреба на деца и нивна кривичноправна заштита"; 2009 година - „Професионална етика на судиите и јавните обвинители"; 2009 година - „Спречување на корупцијата -Судир на интереси –препознавање и надминување"; 2009 година - „Заштита на правата на потрошувачите"; 2009 година - „Взаемна помош во кривичната област; 2009 година –„Причини за укинување на првостепени одлуки"; Од 1992-2005 учество на семинари од разни области

Активно се служи со англиски и српски јазик.Има познавање од областа на работа со компјутери.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Бранко Ушковски**

Изготвил; Весна Толева
Одобрил; Елизабета Васкова

www.ssrm.mk

АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN BAR ASSOCIATION

АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр 03-710/1-1
15.07.2015 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 15.07.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 16 | 2793/5 | | |

Скопје, 15.07.2015 година

**ДО**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Комисија за прашања на изборите и именувањата**
**Г-дин ЗОРАН ИЛИЕСКИ, Претседател**

**Почитуван Г-дин Илиески,**

Согласно Вашето барање бр. 16-2793/1 од 01.07.2015 година, Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија, за член на Комисијата за воедначување на казнената политика согласно Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, едногласно го предлага:

- Адвокат Љубчо Наумовски од Охрид
  член на Управен одбор на Адвокатска комора на РМ

Во прилог Ви доставуваме негова кратка биографија.

Со почит,

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Извршен директор**
**Билјана Тошева**

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

e-mail. lawyermk@mba.org.mk www.mba.org.mk tel. ++ 389 2 3165 409 fax. ++ 389 2 3212 452
ул. Даме Груев бр.3, 1000 Скопје, Р. Македонија; St. Dame Gruev No.3, 1000 Skopje, R. Macedonia

**КРАТКА БИОГРАФИЈА**

**Адвокат Љубчо К.Наумовски од Охрид**

Контакт податоци:

Адвокат ЉУБЧО К. НАУМОВСКИ
ул. Даме Груев бр.26, Охрид
Е-маил : advokatnaumovski@yahoo.com
Тел. 046 / 253-297
Моб. 075/439-255

Роден на 01.11.1959 година во Струга.

Основното и средно образование го завршил Охрид каде живее и работи.

По завршување на гимназија се запишува на правниот факултет каде што ги завршува правните студии и се стекнува со звање дипломиран правник-правосудна насока. Започнува со работа во ГП Трудбеник од Охрид како правник, каде веднаш по положениот правосуден испит биде назначен за раководител на правната служба.Веднаш после тоа е назначен за Секретар на ГП Трудбеник, а веднаш потоа и за помошник генерален директор по правни прашања. На оваа функција се наоѓа се до крајот на 1997 година,за на почетокот на 1998 се запишува во листата на адвокати при АКРМ, каде што работи во сопствената адвокатска канцеларија во Охрид и денес. Од почетокот на адвокатските денови па низ целиот работен дел е активен, е посетител на разни работилници, семинари, обуки, посебно од областа на кривично право и дава свој придонес при посета на вакви настани. Во еден мандат е избран за претседател на адвокатската заедница во Охрид, за следниот мандат да биде избран за член на Управниот одбор на АКРМ, каде членува во комисии. Истовремено е претседател за комисијата за перење пари на АКРМ и во тоа својство учествува во изготвување на Националната програма за перење пари при Агенцијата за заштита од перење на пари и тероризам на Р.Македонија.

АДВ Љубчо К.Наумовски

Република Македонија
**Министерство за правда**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 06. 07. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 16 | 2793/3 | | |

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Бр. 07-2295/2
Скопје, 06.07 год. 2015

Влада на Република Македонија

Министерство за правда

Јуриј Гагарин бр. 9
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3 226831
Фах. (02) 3 226 975
Сајт: www.pravda.gov.mk

ДО: СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

С К О П Ј Е

Предмет: Предлог

Почитувани,

Во врска со вашиот допис, под број 16-2793/1 од 01.07.2015 год. а врз основа на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната ( "Службен весник на РМ"бр.199/14), и врз основа на член 5 став 1 од овој закон Министерот за правда за член на Комисијата за воедначување на казнената политика ја предлага :

- Арта Билали – Универзитетски професор по предметите од казнената област.

Прилог: CV

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
d-r Adnan Jashari

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

europass Кратка биографија

ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ

# Арта Билали Зендели




Ул. "Јастре Здравковски", бр.66, Гостивар, 1200,Македонија

Мобилен 0038971870837З

abilallizendeli@gmail.com

www.unite.edu.mk


Пол женски | Датум на раѓање 11/04/1981 | Националност албанка

## РАБОТНО ИСКУСТВО

]

Заменете со датуми (од-до)

| | |
|---|---|
| 03.2015- се уште | Државен Универзитет во Тетово, Правен факултет, Координатор за Мастер Студии |
| 05.2014- се уште | Министерство за Правда- Скопје, член на повеќе работни групи за изработка на повеќе законски текста, законски измени и дополнувања (област- казнено право и казнено процесно право, правосудство) |
| 05.2013-07.2014 | Министерство за Одбрана на Република Македонија, Советник на Министерот |
| 05.2013- 07.2013 | Министерство за Правда- Скопје, член на Работната група за апроксимација на македонското казнено закондоавство со правото на ЕУ |
| 09.2009- 02.2011 | Државен Универзитет во Тетово, ECTS Координатор и одговорно лице за меѓународна соработка |
| 10.2004- се уште | Државен Универзитет во Тетово. Правен Факултет, редовен работен однос |
| 02.2004-09.2005 | Национална Темпус Канцеларија, Министерство за образование и наука- Скопје |

Бизнис или сектор :високо образование ,

Заменете со EQF
ниво, ако е познато

## ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

1998-2003 Правен факултет "Јустинијан Првиї", Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје
Група по Казнено право и Криминологија, звање: Дипломиран Правник

2003-2008 Постдипломски Студиии,Правен факултет "Јустинијан Први",Универзитет"Св. Кирил и Методиј"- Skopje, звање: Магистер по Правни Науки (казнено право)

2008-2011 Докторски Студии, Правен Факултет "Јустинијан Први, Универзитет"Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Одбрана на Докторската Дисертација 09.11.2011, звање: Доктор по Правни Науки

Мајчин јазик Албански

| Македонски | РАЗБИРАЊЕ | | ЗБОРУВАЊЕ | | ПИШУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| | Слушање-c1/c2 | Читање C1/C2 | Вербална интеракција C1/C2 | Вербална продукција | C1/C2 |
| , Македонски, Англиски | C1/C2 | C1/C2 | C1/C2 | C1/C2 | C1/C2 |
| | Заменете со сертификат за јазик. Внесете ниво, ако е познато. | | | | |
| Турски, Српско- хрватски | B1/B2 | B1/B2 | B1/B2 | B1/B2 | B1/B2 |
| | Заменете со сертификат за јазик. Внесете ниво, ако е познато. | | | | |

Ниво: A1/A2: Почетник - B1/B2: Независен корисник - C1/C2: Напреден корисник
Заедничка европска референтна рамка за јазици

DRUGI AKTIVNOSTI:

02.2004-09.2005 Учество на повеќе домашни и странски конференции за високото образование (Македонија, Косово, Хратска, Австрија, Германија)

08-21.07.2005 Ко-професор на Меѓународниот Летен Универзитет Македонија 2005, УКИМ-Скопје

10-22.07.2007 Ко-професор на Меѓународниот Летен Универзитет Македонија 2007, УКлО-Битола

24-30.10.2010 Ерасмус Професор на Правниот Факултет, Универзитет во Марибор, Словенија

2009- се уште Учество на повеќе Меѓународни Научни Конференции и објавени научни трудови (Македонија, Косово, Албанија, Романија, итн.)

2005- се уште Учество на повеќе меѓународни проекти со реализација на академски посети на познати Европски Универзитети (Free University of Berlin- Германија, Универзитет на Стразбур- Франција, Универзитет на Амстердам- Холандија, Midsweden University- Шведска)

| | |
|---|---|
| Компјутерски вештини | • Добро рпознавање на алатките на Microsoft Office™, Excel, Powerpoint. |
| Возачка дозвола | • Б |

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
23 08 2015
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 16 | 2193/8 | | |

ДО: ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

С К О П Ј Е

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 24- 9046/1
25. 8. 2015 год.

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

Врз основа на член 5 став 1 алинеја 5 од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната („Службен весник на Република Македонија" бр.199/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 24 август 2015 година, заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија

- за член на Комисија за воедначување на казнената политика по предлог на Владата на Република Македонија, од редот на редовните или вонредните професори по предметите од казнената област да го избере **Ѓорги Сламков**, универзитетски професор по право.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 4 од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната („Службен весник на Република Македонија" бр.199/2014) се основа Комисија за воедначување на казнената политика (во натамошниот текст: Комисијата). Комисијата е независно и советодавно тело кое се грижи за воедначување на казнената политика во изрекувањето на казните преку предлагање критериуми за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Согласно член 5 од истиот закон Комисијата е составена од седум члена кои ги избира Собранието на Република Македонија со мандат од четири години, со право на повторен избор од кои:

- два члена се избираат по предлог на Јавниот обвинител на Република Македонија, од редот на јавните обвинители со најмалку 10 години работно искуство во кривичната материја,

- два члена се избираат по предлог на Судскиот совет на Република Македонија од редот судии со најмалку 10 години работно искуство во кривичната материја,

- еден член се избира по предлог на Адвокатската комора на Македонија од редот на адвокатите со најмалку 10 години работно искуство во кривичната материја,

- еден член се избира по предлог на министерот за правда, од редот на редовните или вонредните професори по предметите од казнената област и

- еден член се избира по предлог на Владата на Република Македонија, од редот на редовните или вонредните професори по предметите од казнената област.

Комисијата има седиште во Министерството за правда и во односите со другите органи и лица настапува со свое лого, кое го утврдува Комисијата. Од редот на избраните членови, Комисијата избира претседател со мандат од две години, со право на повторен избор.

При изборот на членовите на комисијата, без да се нарушат критериумите предвидени со овој закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

Имајќи ги во предвид позитивните резултати од досегашното работење на предложениот кандидат од областите на казненото право, казненото процесно прави и меѓународното казнено право, а бидејќи ги исполнува и условите за избор согласно со законот се предлага Собранието на Република Македонија да го избере за член на Комисија за воедначување на казнената политика по предлог на Владата на Република Македонија, од редот на редовните или вонредните професори по предметите од казнената област.

Прилог: Податоци за кандидатот

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

# CV Ѓорги Сламков

PRINT



## Кратка биографија

### Лични податоци

| | |
|---|---|
| Име и презиме | **Ѓорги Сламков** |
| Датум и место на раѓање | 27.01.1976 Гевгелија |

### Работно искуство[1]

| | |
|---|---|
| Датуми | Октомври 2007 – Декември 2012 |
| Занимање/Работно место | **Универзитетски професор по право**<br>**Наставник**<br>**(предмети: Казнено право, Казнено процесно право, Меѓународно казнено право)**<br><br>**Декан на Факултетот за Правни науки при ЕУРМ** (во периодот 01.10.2010 – 15.07.2011 година) |
| Име и адреса на работодавецот | Европски Универзитет Бул. Климент Охридски бр.68 Скопје |

| | |
|---|---|
| Датуми | Декември 2005 – Октомври 2007 |
| Занимање/Работно место | Началник на одделение за прекршоци при СВР Струмица,<br>Советник на Началник на СВР Гевгелија |
| Име и адреса на работодавецот | Министерство за внатрешни работи |

| | |
|---|---|
| Датуми | Јуни 2004 – Декември 2005 |
| Занимање/Работно место | Асистент по казнено право |
| Име и адреса на работодавецот | Полициска Академија Скопје |

| | |
|---|---|
| Датуми | Август 2001 – Јуни 2004 |
| Занимање/Работно место | Инспектор |
| Име и адреса на работодавецот | СВР Гевгелија, Министерство за внатрешни работи |

**Образование и обука**

| | |
|---|---|
| Датуми | 2002 – 2007 година |
| Титула | Доктор на правни науки |
| Име и вид на образовна институција | Правен факултет „Јустинијан Први“ УКИМ |
| Степен на образование според националната или меѓународната класификација | Докторски студии |

| | |
|---|---|
| Датуми | 1998 – 2002 година |
| Титула | Магистер по правни науки |
| Име и вид на образовна институција | Правен факултет „Јустинијан Први“ УКИМ |
| Степен на образование според националната или меѓународната класификација | Последипломски студии |

| | |
|---|---|
| Датуми | 1994 – 1998 година |
| Титула | Дипломиран правник |
| Име и вид на образовна институција | Правен факултет „Јустинијан Први“ УКИМ |
| Степен на образование според националната или меѓународната класификација | Додипломски студии |

**Лични вештини и компетенции**

| | |
|---|---|
| Мајчин јазик | Македонски |
| Други јазици | Англиски |
| Друштвени вештини и компетенции | Изразена способност за тимско работење, комуникативност, трпеливост, ораторски способности, |
| Организациски способности и компетенции | Способност за раководење и организација, планирање и точност во исполнување, изнаоѓање на решенија за актуелни проблеми, |

| | |
|---|---|
| Компјутерски способности и компетенции | Microsoft Windows, Microsoft Office, Internet Explorer, Mozilla Firefox, |
| **Дополнителни информации** | Со положен **правосуден испит**<br><br>Член на Издавачки совет на списанието **„Правник“**,<br><br>Член на **Македонското здружение по казнено право и криминологија**,<br><br>Предавач во **Академијата за обука на судии и јавни обвинители**,<br><br>Учество во повеќе **проекти** во својство на експерт финансирани од IRZ фондација, USAID, Европска Комисија, дипломатски претставништва (на Холандија, Норвешка, Велика Британија), UNICEF, |
| *Учество на позначајни конференции и семинари* | “Човековите слободи и права и реформите во безбедносниот сектор„ ФЕС, 2008 Скопје,<br><br>„Безбедносниот сектор во демократското општество“ Центар за демократија и безбедност, 2008 Струмица,<br><br>“Имплементација на Амандман XXI од Уставот на Република Македонија, член на работна група при Министерство за правда – Државен управен инспекторат, подржано од IRZ –германска фондација за меѓународна техничко-правна соработка, Скопје 2009,<br><br>“Ефикасност или спектакуларност“ Коалиција „Сите за правично судење“Октомври 2009 Скопје,<br><br>“Односот помеѓу граѓанинот и државата во демократската правна држава“ Меѓународна правно-политичка конференција, ФЕС, Октомври 2009 Скопје,<br><br>„Јакнење на улогата на судството во борбата против организираниот криминал“ 25.11.2009 година, ЈЕИ Тетово,<br><br>Конференција **„Борба против корупцијата – Интегративна спрега од домашни и меѓународни активности**“ Охрид, 15-16 Октомври 2010 година, Излагање на тема „Финансирање на политичките партии“ Министерство за правда,<br><br>Компаративна анализа на процесот на лустрација во земјите членки на Европската унија од Централна и Источна Европа и Република Македонија, 28.10.2011 година Скопје |

**Позначајни објавени трудови**

„Примена на условната осуда со заштитен надзор во Република Македонија" 2006 година, Годишник на Полициска академија бр.1/2006

„Општокорисната работа како алтернативна санкција", Зборник на одбранети докторати и магистратури, Правен факултет „Јустинијан Први" 2006 година,

„Зошто е потребно создавање Пробациска служба на Република Македонија?" Македонска ревија за казнено право и криминологија бр.1/2008,

„Казнено процесно право" Европски универзитет, **учебник**, 2008 година,

„Казнено право – општ дел" Европски универзитет, **учебник**, 2009 година,

„Меѓународниот кривичен суд како постојан суд за судење на најтешките меѓународни кривични дела„ Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 1. 2009,

„Човековите слободи и права и ефикасноста на полицијата, Зборник на трудови ЕУРМ 2010, Скопје,

„Меѓународно казнено право", коавторство, **авторизирани предавања**, Европски Универзитет, Скопје, 2010.

„Егзогени фактори за појава на малолетничката деликвенција", Меѓународна конференција „Европски пат кон иднината„ организирана од ЕУРМ, јануари 2010 година,

**„Справување со корупцијата во политичкиот живот на Република Македонија – низ призмата на ГРЕКО"**, *Зборник на трудови во чест на Ѓорги Марјановиќ, Ноември 2010 година*

**„The role of the State Commission for Prevention of Corruption in Implementing the Council of Europe's Criminal Law Convention"**, Crossroads The Macedonian Foreign Policy Journal Vol.II. No.3 May – November 2010

**„Финансирање на политичките партии" Меѓународна конференција „Борба против корупцијата – Интегративна спрега од домашни и меѓународни активности"** Охрид, 15-16 Октомври 2010 година,организација на Министерство за правда

**„Судска ефикасност во справувањето со корупцијата за 2010 година"** (во својство на автор, 2011 година),

**„Судска ефикасност во справувањето со корупцијата за 2011 година"** (во својство на автор, 2012година),

[1] МВР на РМ 6 години и 6 месеци

Полициска академија 1 година и 3 месеци

Европски Универзитет 5 години и 1 месец